О Г Л А С

за прибирање на понуди за давање на недвижен имот под закуп

Хотелско –угостителстко акционерско друштво ОХРИДТУРИСТ Охрид со седиште на ул. Партизанска бр.8 Охрид со ЕМБС- 4058844 го објавува оглас за прибирање на понуди за давање под закуп на недвижен имот како следи:

1. Предмет на закуп

Предмет на закуп е недвижен имот со следните карактеристики: недвижен имот ,, Хотел Десарет,, - евидентиран во Имотен лист бр.1496 за КО Пештани и во Имотен лист бр.5005 за КО Пештани како идеален дел од 21644/22933

Локација: с. Пештани –Охрид
Вид на недвижност: Хотел
Сместувачки капацитет: 230 соби, 30 апартмани со по две соби. Хотелот располага со 650 кревети со вклучени помошни лежаи и 9 вили
Сопствена плажа – 1км
Отворен пливачки базен во Хотелски комплекс Десарет
2 Ресторани, бар, конгресна сала со 600 седишта, летна тераса, тениски игралишта и други помошни простории
Сопствен паркинг - максимум 50 возила околу Хотел и дополнително – максимум 50 возила на паркинг под патот
12 км одалеченост од градот Охрид

2. Времетраење на закупот

Недвижноста се дава под закуп за период од 5 (пет) години, сметано од денот на склучување на Договор за закуп и примопредавање на истиот

Напомена: Во моментот недвижниот имот е под закуп до мај 2027 година

3. Закупнина

Почетната закупнина се состои од фиксен и варијабиен дел. Почетна фикска годишна закупнина е 115.000 евра ,како и варијабилна месечна закупнина која се состои 6 % од месечниот промет односно од остварен бруто приход на закупецот. Закупнината ќе биде зголемена за ДДВ.

Понудениот износ на фиксна годишна и варијалбилна месечна закупнина не смее да биде пониска од почетната закупнина утврдена со овој оглас.

Трошоците поврзани со користењето на недвижноста, вклучително и трошоците за електрична енергија, вода, комунални трошоци и други тековни трошоци ги сноси закупецот.

4. Поднесување на понуди

Заинтересираните лица треба да достават понуда која содржи :

- Податоци за понудувачот
- Понуден износ на годишна и месечна закупнина
- Планирана намера и начин на користење на недвижноста

5. Рок и начин на доставување на понудите

Понудите се доставуваат најдоцна 15 дена од денот на објава на Огласот до седиштето на Охридтурист АД Охрид ул.,, Партизанска бр.8 Охрид во затворен плик со задолжителна назнака – Понуда за закуп на недвижен имот –не отворај

6. Избор на закупец

Понудите ќе ги разгледа Комисија определена од Охридтурист АД Охрид.Изборот на закупец ќе се изврши врз основа на најповолна понуда , земајќи ги во предвид висината на понудената закупнина и другите услови во понудата, како и финансиската и деловната способност на понудувачот

Објавувачот на огласот го задржува правото да не избере ниту една од доставените понуди, без обврска за надомест на евентуални трошоци на понудувачите, како и да побара дополнителни информации или појаснувања или да спроведе дополнителни преговори со еден или повеќе понудувачи пред донесување на одлуката

7. Разгледување на недвижноста и дополнителни информации

Заинтересираните лица можат да извршат увид и разгледување на недвижноста со предходно закажување.

За дополнителни информации и закажување на термин за разгледување:

Лице за контакт: Оливера Ставрова
Телефон :072/ 280-280
Emal: hotelpalas@t-home.mk

АД ОХРИДТУРИСТ Охрид
Генерален директор
Оливера Ставрова